# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К

**на**

**Општина Ранковце**

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Ранковце<br>Издавач: Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година XXVI број 6<br>04 Јли 2025 година<br>Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Герман за к.п.бр.4462/3, КО Герман**

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Герман за к.п.бр.4462/3, КО Герман, донесена на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2.Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Герман за к.п.бр.4462/3, КО Герман, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-893/1** | **Општина Ранковце** |
| **03.07.2025 година** | **Градоначалник** |
| **Ранковце** | **Борче Спасовски, с.р.** |

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ“ бр. 174/2021), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („ Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Герман за к.п.бр.4462/3, КО Герман**

Член 1

Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Герман.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Герман се наоѓа на к.п.бр.4462/3, КО Герман, м.в. „Собориште“ сопственост на Момир Младеновски.

Член 3

За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичка планска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе се предвиди намена домување во викенд куќи– А4-3.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр. 09-847/4**
**30.06.2025 година**
**Ранковце**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката**
**за кофинансирање при имплементација на Под-Проектот „Реконструкција на локален пат с. Псача – с.Одрено од км 0+000 до км 1+776,00“ во Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за кофинансирање при имплементација на Под-Проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача – с.Одрено од км 0+000 до км 1+776,00” во Општина Ранковце , донесена на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2.Одлуката за кофинансирање при имплементација на Под-Проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача – с.Одрено од км 0+000 до км 1+776,00” во Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-893/2**
**03.07.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 54-та седницата одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за кофинансирање при имплементација на Под-Проектот „Реконструкција на локален пат с. Псача – с.Одрено од км 0+000 до км 1+776,00“ во Општина Ранковце**

**Член 1**

Во согласност со Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка за Проектот за поврзување на локални патишта број 9034МК и 9210МК и согласно Одлука за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средствата од Договорот за Заем за проектот за поврзување на локални патишта бр. 44-1193/1 од 02.04.2020 година („Службен Весник“ на Република Северна Македонија бр.33/20) за алоцирање на средства за Општина Ранковце обезбеди 682.812,22 евра, од кои Единицата за имплементација на проекти финансирани од Светска банка при Министерство за транспорт објави тендерска постапка за избор на Изведувач за имплементација на проектот „Реконструкција на локален пат с. Псача – с.Одрено од км 0+000 до км 1+776,00“ во Општина Ранковце.
За вршење надзор над градежните работи за секоја општина се предвидени 5% од вредноста на алоцираните средства за градежни работи преку компонентата 2.1 од Договорот за заем, со што вкупните предвидени средства за општината изнесуваат 648.671,61 евра. Со цел целосна реализација на проектот, Општина Ранковце дава согласност за кофинансирање на проектот за изведба, односно Општина Ранковце ќе ги преземе сите трошоци за реализација на проектот кои ги надминуваат алоцираните средства од одлуката донесена од страна на Владата.

**Член 2**

Согласно предмер-пресметката проценета вредност на проектот ги надминува алоцираните средства за општината во износ од 1.500.00,00 денари.

**Член 3**

Советот на Општина Ранковце дава согласност за кофинансирање на средства во износ од 1.500.000,00 денари вклучувајќи и 10% за дополнителни, непредвидени и вишок на работи доколу се појават во текот на реализација на договорот за имплементација на Проектот „Реконструкција на локален пат с. Псача – с.Одрено од км 0+000 до км 1+776,00“, во Општина Ранковце.

Општината потврдува дека средствата ќе бидат предвидени во Буџетот на Општината за 2026 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на Општина Ранковце".

**Бр.09-847/5**
**30.06.2025 година**
**Ранковце**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Ранковце, донесена на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2.Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-893/3**
**03.07.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 141 и член 142 од Законот за Социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 104/19), Советот на Општина Ранковце на 54-та седница, одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Ранковце**

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Ранковце (“Службен гласник на Општина Ранковце” бр.12/2022 ) се врши следната измена и тоа: Во член 3 став 1 точка 5 зборовите ,,Дарко Пешевски- претставник од Црвен Крст” се заменуваат со Маја Илиевска претставник од Црвен Крст – Крива Паланка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Ранковце’’.

**Бр.09-847/6**
**Ранковце**
**30.06.2025 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за Разрешување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за Разрешување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце, донесена на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2.Одлуката за Разрешување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-893/4**
**03.07.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 10 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), а согласно Одлуката за основање на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.10/12, 11/12 и 03/18), Советот на Општина Ранковце, на седницата одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце**

член 1

Борко Давидовски со л.к бр. М0735008, издадена од МВР-Крива Паланка, од с.Ранковце – Општина Ранковце, СЕ РАЗРЕШУВА од должноста да го застапува односно да ги води работите на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце, со седиште во с.Ранковце до негово конституирање.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-847/7**
**30.06.2025 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за Именување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за Именување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце, донесена на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2.Одлуката за Именување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-893/5**
**03.07.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 10 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), а согласно Одлуката за основање на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.10/12, 11/12 и 03/18), Советот на Општина Ранковце, на седницата одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## За именување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце

член 1

Далибор Цветановски со л.к бр. М0611746, издадена од МВР-Крива Паланка, од с.Псача – Општина Ранковце, СЕ ИМЕНУВА за лице кое ќе го застапува односно ќе ги води работите на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце, со седиште во с.Ранковце до негово конституирање.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-847/8**
**30.06.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решението за Разрешување од вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце**

1.Се прогласува Решението за Разрешување од вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце, донесена на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2. Решението за Разрешување од вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-893/6**
**03.07.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 89/2022 и 274/2022), член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22) Советот на Општина Ранковце на 54-та седница, одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување од вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**

1. Од вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце се разрешуваат:

- Дејан Митровски;
- Елена Бошковска;
- Даниела Стефановска;
- Христина Јакимовска Петковска; и
- Маре Стојановска.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-847/9** **Совет на Општина Ранковце**
**30.06.2025 год.** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решението за Разрешување од вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце**

1.Се прогласува Решението за Разрешување од вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце, донесено на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2. Решението за Разрешување од вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-893/7** **Општина Ранковце**
**03.07.2025 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 89/2022 и 274/2022), член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина

Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22) Советот на Општина Ранковце на 54-та седница, одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување од вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**

1. Од вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на Материјално - финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден - Ранковце се разрешуваат:

- Валентина Николовска;
- Ирена Давидовска Илиевска; и
- Мирјана Додевска;

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-847/10**
**30.06.2025 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решението за давање Согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош„ - Ранковце за 2026 година**

1.Се прогласува Решението за давање Согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош„ - Ранковце за 2026 година, донесено на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2. Решението за давање Согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош„ - Ранковце за 2026 година , да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-893/8** **Општина Ранковце**
**03.07.2025 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22) и член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Ранковце на 54-та седница одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Годишниот план за вработување во О.О.У. „ Христијан Тодоровски - Карпош, Ранковце за 2026 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Годишниот план за вработување во О.О.У. „ Христијан Тодоровски - Карпош, Ранковце за 2026 година, донесен од Директорот на О.О.У. „Христијан Тодоровски - Карпош, Ранковце на ден 04.06.2025 година и заведен под бр.02-350/1.

2. Овој Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-847/11** **Совет на Општина Ранковце**
**30.06.2025 год.** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-571/5 од 04.05.2021 година и Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-979/5 од 26.08.2022 година**

1 .Се прогласува Одлуката за престанување на важење на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-571/5 од 04.05.2021 година и Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-979/5 од 26.08.2022 година, донесено на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2. Одлуката за престанување на важење на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-571/5 од 04.05.2021 година и Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-979/5 од 26.08.2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-893/9**
**03.07.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.05/02 ) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.09/05, 04/2010, 3/2011, 11/2015, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седница одржана на 30.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за престанување на важење на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-571/5 од 04.05.2021 година**

**и Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-979/5 од 26.08.2022 година**

Член 1

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-571/5 од 04.05.2021 година ( „Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 7/2021) и Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-979/5 од 26.08.2022 година ( „Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/2022).

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце „ .

**Бр.09-847/12**
**30.06.2025 година**
**Ранковце**

**Советот на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката**
**за одобрување на финансиски средства**

1.Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на 54-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.06.2025 година.

2.Одлуката за одобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-893/10**
**03.07.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајки по Барањето поднесено од Културно уметничко друштво Фолклористи од Крива Паланка, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-853/1 од 23.06.2025 година, Советот на Општина Ранковце на 54-та седница одржана на ден 30.06.2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## за одобрување на финансиски средства

**Член 1**

Се одобрува исплата на финансиски средства во износ на 50.000,00 (пеесет илјади денари) на Културно уметничко друштво Фолклористи од Крива Паланка, како финансиска помош за организација на настан – одржување на концерт во Општина Ранковце на ден 26.07.2025 година.

**Член 2**

Финансиските средства од член еден на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на општина Ранковце, од програмата К4 – Културни манифестации и творештво, категорија 46 субвенции и трансфери, ставка 463 трансфери до невладини организации, потставка 463110 трансфери до здруженија на граѓани и фондации на сметка на Културно уметничко друштво Фолклористи од Крива Паланка.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ранковце да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-847/13**
**30.06.2025 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска, с.р.**

# С О Д Р Ж И НА


1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Герман за к.п.бр.4462/3, КО Герман**
2. **Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Герман за к.п.бр.4462/3, КО Герман**
3. **Заклучок за прогласување на Одлуката за кофинансирање при имплементација на Под-Проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача – с.Одрено од км 0+000 до км 1+776,00” во Општина Ранковце**
4. **Одлука за кофинансирање при имплементација на Под-Проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача – с.Одрено од км 0+000 до км 1+776,00” во Општина Ранковце**
5. **Заклучок за прогласување на  Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Ранковце**
6. **Одлука за измена на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Ранковце**
7. **Заклучок за прогласување на Одлуката за Разрешување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце**
8. **Одлука за Разрешување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце**
9. **Заклучок за прогласување на Одлуката за Именување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце**
10. **Одлука за Именување на лице за застапување на Јавно сообраќајно претпријатие РАНКОВЦЕ Ранковце**
11. **Заклучок за прогласување на Решението за Разрешување од вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце**
12. **Решение за Разрешување од вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце**
13. **Заклучок за прогласување на Решението за Разрешување од вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце**
14. **Решение за Разрешување од вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден – Ранковце**
15. **Закулчок за прогласување на Решението за давање Согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош„ - Ранковце за 2026 година**
16. **Решение за давање Согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош„ - Ранковце за 2026 година**

17. **Заклучок за прогласување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-571/5 од 04.05.2021 година и Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-979/5 од 26.08.2022 година**
18. **Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-571/5 од 04.05.2021 година и Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце бр.09-979/5 од 26.08.2022 година**
19. **Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства**
20. **Одлука за одобрување на финансиски средства**

**------------------------------------------/-------------------------------------**